Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување Управниот одбор на друштвото на својата дваесетитрета седница на Управниот одбор на ден 04.09.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000, дополнителни услови во случај на настапување на тешки болести кон осигурувањето на живот и услови за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд**

## Член 1

Управниот одбор на Акционерското друштво донесе одлука за усвојување на промените во посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000, дополнителни услови во случај на настапување на тешки болести кон осигурувањето на живот и услови за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд.

## Член 2

**Направени се следните промени во посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000,00.**

Досегашниот наслов на посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000,00 се менува во посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во денари.

**Член 1 точка 5**- Осигурувачот има право да ја одбие понудата за осигурување, доколку е доставена врз основа на негативен прашалник, **се додава** "односно доколку осигуреникот не е здрав".

**Член 4 точка 4** - Осигурувачот е обврзан да ги прифати во осигурување сите понуди кои ги доставува банката, а кои се засновани врз позитивниот здравствен прашалник, ризичната професија (за суми над 300 000 МКД) од потенцијалниот осигуреник, **се менува во**:

"Осигурителот е обврзан да ги прифати во осигурување сите понуди кои ги доставува банката, а кои се засновани врз здравствен прашалник со кој осигуреникот потврдува дека е здрав и се бави со професија која не е ризична, согласно условите на осигурителот".

**Направени се следните промени во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд.**

**Во член 15 точка 4** "Со штедниот дел од премијата ќе бидат купени удели во инвестициски фонд во истиот месец кога е уплатена премијата", **се менува во** "Со штедниот дел од премијата ќе бидат купени удели во инвестициски фонд наредниот месец од месецот кога е уплатена премијата".

**Во член 25 се додава точка 6:**

"Ако договорот е капитализиран, договорувачот има право на откуп по изминати 12 месеци од денот на реактивација на капитализираниот договор, доколку сите критериуми за тоа се задоволени, согласно овие Услови".

Со тоа член 6 станува член 7.

**Во член 32 се додава:**

-Копија од лична карта на осигуреникот;

-Здравствен картон и здравствена книшка на осигуреникот;

-Изјава за законски наследници заверена на нотар;

-Копија од лична карта или извод од матична книга на родени од законските наследници.

**Направени се следните промени во дополнителните услови за осигурување во случај на настапување на тешки болести кон осигурувањето на живот.**

**Во општи одредби член 2 точка 1 се додава** "Истекот на ова дополнително осигурување е до навршени 65 години на осигуреникот".

**Во значење на поимите кои се користат во овие услови се додава:**

"**Каренца**- период на траење од 3 месеци, сметано од денот на почетотккот на полисата до почетокот на обврските од осигурувањето, во текот на кое осигуреникот нема покритие по основ на настапување на тешка болест".

**Во член 4** од досегашните 13 Тешки болести кои ги покрива осигурителот се додаваат нови 7 тешки болести. Со тоа оигурителот покрива 20 Тешки болести.

**Член 10 Почеток и истек на осигурувањето:**

1. Обврската на осигурителот почнува во 00:00 часот од денот кој на полисата е означен како почеток на осигурувањето, под услов дотогаш да е платена првата рата од премијата.
2. Доколку не е платена првата рата од премијата до денот кој на полисата или на анексот е означен како почеток на дополнителното осигурување, обврската на осигурителот започнува во 00:00 часот наредниот ден од денот кога е платена првата рата од премијата.
3. Обврската на осигурителот престанува:

   – во 00:00 часот од денот кој на полисата или на анексот е означен како ден на истек на дополнителното осигурување,

   – ако стасаната премија не е платена во рок и на начин предвиден со овие Услови,

   – кога од која било причина предвидена во Општите услови за осигурување на живот, ќе престане осигурувањето на живот,

   – со исплата на осигурената сума.
4. Доколку истекол Договорот за осигурување или дополнителното осигурување, а осигурениот случај до истекот не настанал, дополнителното осигурување престанува да важи, а осигурителот нема никакви обврски спрема осигуреникот или корисникот.

**Се менува во:**

1. Обврската на осигурителот почнува во 00:00 часот од денот кој на полисата е означен како почеток на осигурувањето, под услов дотогаш да е платена првата рата од премијата, но не пред истек на каренцата во смисла на став 3 од овој член.
2. Доколку не е платена првата рата од премијата до денот кој на полисата или на анексот е означен како почеток на дополнителното осигурување, обврската на осигурителот започнува во 00:00 часот наредниот ден од денот кога е платена првата рата од премијата.
3. Осигурителното покритие за тешки болести од овие Услови почнува по истек на каренцата, сметајќи од денот кој на полисата е наведен како почеток на осигурувањето.

4. Рокот од три месеци од став 3 од овој член почнува да тече:

   При секое реактивирање на ова дополнително осигурување (сторнирано или капитализирано) од денот кога дополнителното осигурување е реактивирано;

   При секое зголемување на осигурената сума, само за зголемениот дел на осигурената сума од денот кога е извршено зголемувањето на осигурената сума за ова дополнително осигурување.

5. Обврската на осигурителот престанува:

   - во 00:00 часот од денот кој на полисата или на анексот е означен како ден на истек на дополнителното осигурување;
   - ако стасаната премија не е платена во рок и на начин предвиден со овие Услови;
   - кога од која било причина предвидена во Општите услови за осигурување на живот, ќе престане осигурувањето на живот;
   - со исплата на осигурената сума во случај на настапување на тешка болест;
   - Со навршена 65 годишна возраст на осигуреникот.

6. Доколку истекол Договорот за осигурување или дополнителното осигурување, а осигурениот случај до истекот не настанал, дополнителното осигурување престанува да важи, а осигурителот нема никакви обврски спрема осигуреникот или корисникот.

**Член 11 точка 1:**

1. Кога ќе настане осигурениот случај во смисла на овие Услови, осигурителот има обврска на корисникот на осигурување да му исплати:

   – 50% од договорената осигурена сума, доколку осигурениот случај настанал како последица на болест во првите 6 месеци од траењето на дополнителното осигурување, а дополнителното осигурување е склучено без лекарски преглед,

   – Договорената осигурена сума, доколку осигурениот случај настанал како последица на болест во првите 6 месеци од траењето на дополнителното осигурување, а дополнителното осигурување е склучено со лекарски преглед,

   – Договорената осигурена сума, доколку осигурениот случај настанал како последица на несреќен случај.

**Се менува во:**

2. Кога ќе настане осигурениот случај во смисла на овие Услови, осигурителот има обврска на корисникот на осигурување да му исплати:

   - 50% од договорената осигурена сума, доколку осигурениот случај настанал како последица на болест во првите 3 месеци од траењето на осигурувањето по истекот на каренцата, а осигурување е склучено без лекарски преглед;
   - Договорената осигурена сума, доколку осигурениот случај настанал како последица на болест во првите 3 месеци од траење на осигурувањето по истекот на каренцата, а осигурувањето е склучено со лекарски преглед;
   - Договорената осигурена сума, доколку осигурениот случај настанал како последица на несреќен случај.

**Во член 17 Завршни одредби се додава точка 5:**

Независно од другите одредби во овие услови, осигурителот нема да смета дека треба да покрие или да изврши какви било исплати или да пружи каква било услуга или поддршка на осигуреник или трето лице во онаа мера, во која тие опфаќаат исплата, услуга, поддршка и/или деловна или

активност на осигуреникот што би прекршиле применливи санкции во врска со следново: трговија, финансиски ембарга, закони и регулаиви, што се директно применливи за Осигурителот. Применливи се следниве санкции: (i) локални санкции; (ii) Европска унија (ЕУ); (iii) Обединети Нации (ОН); Соединети Американски Држави (САД) и/или (iv) секакви други санкции применливи за осигурителот".

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје согласно своите законски и статутарни овластувања, а со цел подобрување на работењето на Друштвото донесе одлука за усвојување на промените во посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000, дополнителни услови за осигурување во случај на настапување на тешки болести кон осигурувањето на живот и условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд.

За извршената промена ќе биде доставено известување до Агенцијата за супервизија на осигурување.

Пречистениот текст од условите и техничкиот план се составен дел на оваа одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**

**ВИНЕР ЛАЈФ– Виена Иншуренс Груп Скопје**

**Претседател на Управен одбор**

**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен одбор**

**Бернд Ацхатз**